Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**

КИНСИВ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Комитет за истрага на воздухопловни
несреќи и сериозни инциденти
Бр. 05-04/1
12 01 2026 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА КОМИТЕТ ЗА ИСТРАГА НА ВОЗДУХОПЛОВНИ НЕСРЕЌИ И СЕРИОЗНИ ИНЦИДЕНТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Јануари, 2026

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти е независно истражно тело за спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, согласно член 5 од Законот за воздухопловство. Формиран е од Владата на Република Северна Македонија, со Одлука бр. 41-806/1 од 03.04. 2012 година.

За непречено извршување на задачите, Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за цивилно воздухопловство и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Основна задача на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во 2025 година беше истражувањето и анализирањето на воздухопловните несреќи и сериозните инциденти, со основна цел да се утврдат релевантните факти и околностите под кои се случиле и да предложи безбедносни препораки за нивно евентуално идно случување, како и следење и анализирање на несреќи од земјите со кои имаме развиено добра стручна соработка.

Во 2025 година продолжи и се финализираше конечниот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти и истиот ќе се потпише во 2026 година од страна на Министерот за внатрешни работи и Претседателот на КИНСИВ.

Исто така во 2025 година е отпочната постапка за потпишување на Меморандум за соработка и со ТАВ Македонија, Републички Јавен Обвинител, Институт за судска медицина и Министерство за одбрана.

Во Февруари 2025 година, два истражители Никола Давидов и Зоран Велковски беа испратени на основна обука за истражители во Амстердам, Холандија која успешно ја завршија и се стекнаа со основно познавање на принципите по кои се води истражувањето.

Во организација ECAC (Air Accident and Incident Investigation Group of Experts – ACC/62) во Виена, Австрија од 13 до 16 Мај 2025 година се одржа годишна дводневна конференција на истражители од сите европски земји, на која учество земаа околу 130 членови. Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи на Република Северна Македонија - Кинсив како постојан член на ESASI беше претставена од постојните истражители.

Идејата на конференција е давање на поддршка на малите земји од страна на големите истражни бироа при големи воздухопловни несреќи. Голем број на помали земји располагаат со ограничени ресурси за истраги на помали воздухопловни несреќи (генерална авиација) додека поддршката на големите истражни бироа се непроценливи при големи воздухопловни несреќи.

Исто така имаше и работилница во чија што програма беа опфатени следните теми:

- Примена на современи методологии при истражување на несреќи,
- Интеграција на нови технологии во процесот на анализа,
- Улогата на истражителите во подобрување на системите за управување со безбедноста.

Истражителите Никола Давидов и Зоран Велковски од Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти учествуваа на напредна обука за истрага на воздухопловни несреќи, која се одржа Виена, Република Австрија, во организација на Southern California

Safety Institute (SCSI) во период од 15 до 27 Јуни 2025.
Оваа обука претставуваше продолжение на процесот на професионален развој на истражителите, со акцент на продлабочување на знаењата и стекнување на практични вештини во областа на истражувањето на несреќи и сериозни инциденти.

Содржината на програмата опфати:
• напредни техники за анализа на несреќи,
• идентификација и проценка на човечки фактори,
• истражување на организациски и системски аспекти,
• подготовка на извештаи и препораки за подобрување на безбедноста.

Учеството на оваа обука овозможи истражителите да ги прошират своите компетенции и да се запознаат со современите трендови и најдобрите практики што се применуваат на меѓународно ниво. Преносот на стекнатите знаења ќе придонесе за понатамошно унапредување на истражните процеси во рамките на Комитетот, како и за јакнење на неговите капацитети за ефикасно и независно спроведување на истраги.
Со оваа активност, Комитетот ја потврди својата определба за континуирана едукација и усовршување на кадарот, како и за унапредување на системот за воздухопловна безбедност во согласност со европските и меѓународните стандарди.

Во Јуни 2025 година со Одлука на Влада на Република Северна Македонија разрешен е Претседателот, а именуван е нов Претседател на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти:

Разрешен Претседател:
- Зоран Илиевски

Назначен нов Претседател:
- Марјан Прпоски

На 16 Септември 2025 година, Претседателот на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во Париз, Франција потпиша Меморандум за соработка со Агенцијата за истраги на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти БЕА (Bureau d'Enquêtes et d'Analyses pour la sécurité de l'aviation civile) на Република Франција. Со овој Меморандум се воспоставува формална рамка за соработка и размена на информации, експертиза и ресурси во областа на истражувањето на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти. Потпишувањето на документот претставува значаен чекор во зајакнувањето на институционалните капацитети на Комитетот, со цел обезбедување на ефикасно, професионално и независно спроведување на истраги.

Претставници од Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија (КИНСИВ) беа дел од дискусиите за најновите предизвици и пристапи во истрагите на несреќи на нови типови летала, електрични и eVTOL платформи, беспилотни системи (UAS) и вештачка интелигенција во анализата на безбедносни податоци, во рамки на работилницата ECAC ACC 2025, која се одржа на 4 и 5 ноември годинава во Роскилде, Данска.

Експерти од Rolls-Royce, Airbus, EASA, Cranfield University, SINTEF и националните истражни тела од повеќе земји ја споделија својата пракса и искуства во справување со новите технологии и ризици во авијацијата.

Тимот на КИНСИВ во Роскилде учествуваше и на 63-тиот состанок на групата на експерти за истрага на авионски несреќи и инциденти (ACC/63)., што следуваше по работилницата.

На состанокот, со претседавање на Chrispin Orr (Обединето Кралство) се разгледаа извештаите и заклучоците од претходниот состанок во Виена, тековните истраги во европскиот регион, активностите и иницијативи на ECAC, ENCASIA и EASA, како и подготовките за следниот состанок ACC/64, закажан за мај 2026 во Дубровник.

-Во текот на 2025 година Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти на Република Северна Македонија со зголемување на воздушниот сообраќај се зголеми и предизвикот со следните воздухопловни несреќи и сериозни инциденти:

1. **Сериозен инцидент (SINCID 001/2025)** каде што воздухоплов излета од полетно-слетната патека на Спортскиот аеродром Скопје – Стенковец на 04.01.2025. КИНСИВ отвори истрага и изработи финален извештај.
2. **Сериозен инцидент (SINCID 002/2025)** на 07.06.2025 година, каде што пилот на параглајдер удри во канделабра на шеталиштето во Охрид. За овој сериозен инцидент се уште истрагата е во тек.
3. **Несреќа (ACCID 003/2025)** случена на 05.07.2025 година во која пилот на параглајдер падна во близина на Прилеп. КИНСИВ достави финален извештај за оваа несреќа.
4. **Несреќа (ACCID 006/2025)** случена на 13.08.2025 година во која пилот на параглајдер при полетување изгубил контрола над параглајдерот и истиот удрил во патничко моторно возило во близина на полетувалиштето за параглајдери во Крушево. КИНСИВ ја затвори истрагата и издаде финален извештај.
5. **Сериозен инцидент (SINCID 008/2025)** случен на 17.08.2025 година каде имаше нарушување на минимумите за раздвојување на два воздухоплова во Контролиран воздушен простор во близина на Меѓународниот аеродром Скопје помеѓу воздухоплов Cessna C172 (Z3-DCL) и Airbus 320 (WZZ2JB). Изработен е прелиминарен извештај и се чека мислење од институциите и инволвираните страни.
6. **Несреќа (ACCID 010/2025)** случена на 24.09.2025 година каде на падините на Галичица при пад со параглајдер беше повреден пилотот. Изработен е прелиминарен извештај и се чека мислење од институциите и инволвираните страни.
7. **Сериозен инцидент (SINCID 012/2025)** случен на 13.11.2025 година каде што имаше нарушување на минимумите за раздвојување на два воздухоплова во Контролиран воздушен простор и тоа два воздухоплова од типот Airbus A320 со регистарски ознаки G-GATR и 4X-AGO. Истрагата е во тек.
8. **Несреќа (ACCID 013/2025)** случена на 12.12.2025 година каде што воздухоплов од типот PA28 принудно слета во водите на Мавровско езеро. Истрагата е во тек.

Согласно планот за работа на Комитетот за 2025 година може да се осврнеме на следните реализирани активности:

- Континуирани обуки на терен со цел теренско запознавање и практикување на процедури при истрага на терен. Учество и на дел од надворешни истражители.
- Континуирана обнова и одржување на ДАТА БАЗА за воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.
- Континуирано доопремување со лична и заштитна облека и опрема за постојните и надворешните истражители.

- Активно учество во изработка и дополна на домашна регулатива.
- Редовно учество во работата на националниот комитет за безбедност (safety) и националниот комитет за соработка во АЦВ.
- Изработени се годишни извештаи и планови.

Согласно насоките на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година Комитетот направи сериозна заштеда на буџетските средства.

Комитет
за истрага на воздухопловни несреќи
и сериозни инциденти
Претседател
Марјан Прпоски